

списание за ПРОМОВИРАЊЕ на БИБЛИСКАТА

# АРХЕОЛОГИЈА

копање подлабоко

број 7 • Година II, 2015 • цена 30 денари • месечно издание

9 771857 951005



Грчката религија и филозофија

Библијата и идниот живот



Јераш во христијанскиот период

Исламот стигнува до Јераш

Загубениот син





*Во овој број:*

## Древните Грци

И ИДНИОТ ЖИВОТ

## Јераш

*Древните Грци биле народ чија цивилизација и култура влијаела на историјата на светот. Нивната филозофија го обликувала размислувањето на цивилизациите што следувале по нив. Првите доселеници во Грција најверојатно дошле од Месопотамија, но подоцнежните мигранти од индоевропско потекло доаѓале од север. Двата народа се споиле заедно и од нив произлегла напредна култура чиј центар бил во Микена, на полуостровот Пелопонез.*

Хомер ја овековечил приказната за големиот цар на Микена, Агамемнон, и неговата победа над Троја во Тројанската војна. Микена била изградена на врвот на триаголно брдо, на кое се наоѓа прекрасна палата. На влезната врата во градот имало два големи лава, високи по 3 метри. Во близина на влезната врата се наоѓа Кружниот гроб, со кралската гробница пронајдена од страна на археологот Шлиман (Schliemann). Но, со настапувањето на железната ера, Микена била освоена и запалена, и никогаш повторно не ја постигнала претходната слава. Вакуумот не бил пополнет сè додека Ати-




Хомер

религијата. Таа дури во 6 век пред Христа постигнала голема важност. Акропол најпрвин бил тврдина. Неговите стрмни страни биле лесни за одбрана, така што претставувале идеално место за одбрана. На крајот, еден храм посветен на божицата Атена, според која бил и наречен градот Атина, бил изграден на Акропол, каде што е изработена огромна статуа од слонова коска и злато, која ѝ била посветена на оваа божица.

## Персиските војни

Во 480 год. пред Христа, Ксеркс управувал со персиската инвазија на Грција и тоа многу помогнало во развојот на Грција како политичка сила. Првата линија на грчкиот отпор бил славниот премин кај Термопилите (Thermopylae). Таму храбриот Леонида и неговите смели војници се бореле до смрт. Тие не би биле поразени доколку еден предавник не им го покажел патот на Персијците преку планината, овозможувајќи им да ги нападнат храбрите Спартанци од зад грб. Бранителите биле убиени, а телото на храбриот Леонида било запалено на клада. Победниците, Персијците, се упатиле кон југ и стигнале до Атина без некоја посериозна пречка. Освен неколку бранители кои ги бранеле бедемите на Акропол, Грците ја напуштиле Атина и се повлекле на полуостровот Пелопонез. Исфрустрирани од тоа, Персијците го излеале сиот свој бес врз Акропол. Бранителите дале херојски отпор, но некои персиски војници се искачиле по речиси вертикалните карпи на северната страна, каде што немало поставено стража. Кога влегле во градот, ширум ги отвориле градските порти за да може да влезе армијата. Сите бранители биле масакрирани, а Акропол бил запален. Со чудна игра на судбината, исходот на војната бил решен на море, а не на копно. Грчката морнарица, која се состоела од околу 380 бродови, се засолнила кај островот Саламина, каде што биле нападнати од персиската флота, која имала околу 1400 бродови. Но со вонредни маневри и исклучителна храброст, Грците потопиле стотици персиски бродови, па Персијците морале да се повлечат. Кога им биле загрозени приморските приоди за снабдување, тие биле принудени да се повлечат на копно. Грците собрале храброст, па две години подоцна кај Платаја (Plataea) решително ги поразиле Персијците. Заканите од Персијците предизвикале раскараните грчки држави да се обединат во одбраната, а насобраната одбивност што ја имале Грците кон Персијците поради нивната неиспровоцирана агресија, чекала поволен момент да избие. Тој поволен миг настапил во четвртиот век пред Христа.


Микена, портата со лавови

## Грчката религија и филозофија

Иако имале многу напредна култура и филозофија, зачудува фактот дека Грците имале мошне замаглена слика за Бога. Легендите за грчките херои и божества биле многубројни, па тоа довело до политеизам – верување дека постојат многу богови. Тешко е да се набројат сите божества на кои им се поклонувале тие; грчката религија била мошне лабава во верувањата. Немало догми ниту свештеничка класа, религиозните обреди ги извршувале избрани граѓани или секој поединец што чувствувал потреба да им принесе жртва на боговите. Не постоеле пророци кои би ги диктирале верувањата, ниту ритуали што морало да се изведуваат. Филозофите и поетите биле многу почитувани и нивните поговорки и мудри искази биле високо вреднувани. Во многу центри имало пророчишта за кои се верувало дека претставуваат медиуми за комуникација меѓу човекот и невидливиот свет. Во својата книга „Светот на Грците“ (World of the Greeks), Виктор Дареј (Victor Duruy) ја коментира огромната доверба што ја имале луѓето во пророчиштата на Аполон, за кого се верува дека зборувал преку необразовани девојки, кои најчесто биле жртви на некои нервни нарушувања. Нивните лица биле бледи, а екстремитетите им се треселе поради грчеви (конвулзии). Со сјајни очи и запенети усти, тие плачеле и стенкале како да трпат силни болки. Нивните предвидувања биле толкувани од страна на нивните господари. Таков случај е запишан и во Библијата, од евангелистот Лука, кој бил лекар. Тој раскажува дека во Филиба, важен грчки град *„по патот нè сретна една слугинка, која имаше гатачки дух. Таа на господарите свои им донесуваше големи приходи од гатањето“* (Делата на апостолите 16,16). Девојката се вмешала во работата на апостол Павле, а тој го изгонил демонот со кој била опседната. Ова ги налутило неј-


Остатоци од Аполоновиот храм во Делфи


Грците верувале во многу богови. Од горе надолу: Атена, Аполон, Хера, Посејдон


Грците верувале дека мртвите се пренесуваат со чамец преку реката Стикс

зините господари, па тие предизвикале бунт кој завршил откако Павле и Сила биле фрлени во затвор. Очигледно е дека постоело нешто натприродно поврзано со тие пророчишта, но тие духови немале божествено потекло.


Партенон, Акропол - Атина

## **Животот** што следи по смртта

Грчкиот концепт за животот по смртта бил исто така нејасен, замаглен. Многу Грци верувале дека по смртта не останува ништо освен прав или пепел. Есхил (Aeschylus) напишал дека „*мртвите не се способни ниту за радост ниту за тага. Затоа се лажеме ако веруваме дека можеме да им направиме нешто добро или лошо*". Еврипид тврдел дека „*мртвите се бесчувствителни*". Но, за други „психата" или душата продолжувала да живее, па затоа во устата на умрените ставале сребрена паричка да му платат на човекот што управувал со чамецот за да ги пренесе преку реката Стикс. Телото било положувано во гроб во присуство на роднините, а пред нив оделе свирачи на флејти, кои свиреле тажни песни. Зад ковчегот оделе платените тажачи и расплаканите роднини, а „психата" (од која е изведен зборот психологија) одлетувала некаде да ужива во островите на блаженството. Ако за мртвите не бил организиран соодветен закоп, се верувало дека нивните души лебдат бесцелно низ просторот, враќајќи се да ги мачат членовите на семејството кои ги занемариле потребните погребни ритуали. Чудни врескања се слушале во текот на ноќта, а се појавувале и ликови во форма на духови, кои ги престрашувале живите, па сето тоа создавало ужасна несигурност. „*Што сме ние? А што не сме?*" се прашувал поетот Пиндар. Потоа, одговарајќи си на прашањето, рекол: „*Сонот на една сенка*". А се зборува и дека Ахил му рекол на Улис (Ulysses): „*Не обидувај се да ме утешиш во поглед на смртта. Јас повеќе би сакал да копам на нива за некој сиромашен земјоделец отколку да бидам цар овде меѓу сенките*". Но Грците биле сигурни за една работа. Нема никаква иднина за телото, па контрадикцијата на ваквото верување ги вознемирувала филозофите на „Ридот на Марс", кога се соочиле со проповедањето на апостол Павле.

## **Павле** во Атина

Набргу по пристигнувањето на Павле во Атина, тој ја посетил Агора (пазарот). Видел мноштво храмови, а многубројни мермерни кипови биле наредени од двете страни на улиците. Павле, со својот строг еврејски став против идолопоклонството, бил стаписан кога го видел тоа обожување на режани ликови. „*Духот на Павле се вознемируваше*" (Делата на апостолите 17,16). Не можел да ги чека своите сопатници да стигнат од Вереја, „*и тој расправаше во синагогата со јудејците и побожните, и секој ден на плоштадот со оние што ќе ги сретнеше*" (стих 17). Неговата елоквенција и уверливите аргументи го привлекле вниманието на градските филозофи, додека тој „*им проповедаше за Христа и за воскресението*". Тие со потсмев прашале: „*Што сака да каже овој празнословец?*" Одговорот бил: „*Изгледа дека тој проповеда туѓи божества*". Идејата за воскресението на телото едноставно била претешка за нив. Но барем имале желба да


Апостол Павле полемизира со атинските филозофи



Ареопаг, местото каде што Павле им зборувал на Атињаните за вистинскиот Бог

го послушаат, па го поканиле надвор од Агора, на блиското ритче наречено Ареопаг или Ридот на Марс. Таму, тие го прашале: *„Ќе можеме ли да знаеме какво е тоа учење што го проповедаш?“* (Делата на апостолите 17,18-20). Павле им дал елоквентен и тактичен одговор, пофалувајќи ги за нивната голема побожност. Покажувајќи на соседниот Акропол, тој рекол: *„Бог, кој го создаде светот и сè што е во него, Тој, кој е Господ на небото и на земјата, не живее во ракотворени храмови“*. На крајот заклучил самоуверено: *„Зашто определи ден кога праведно ќе му суди на светот преку определениот од него Човек, откако ќе ги увери сите со Неговото воскресение од мртвите“* (Делата на апостолите 17,24.31). Тоа било мошне вешто претставување, но било најмногу што можеле да прифатат тие. *„Едни се насмеаја, а други рекоа: 'Друг пат ќе сакаме да послушаме за тоа'“* (стих 32). Кога гордите градски татковци и филозофи ги собрале своите облеки и се вратиле во Агора, срцето на Павле било ожалостено.

Тој ја знаел сигурноста на она што го проповедал. Колку убава иднина има за оние што ќе го прифатат Божјиот план. Иднината нема да ја поминуваме во атмосфера на бестелесни духови или апстрактни души, туку во реален свет на физички живот и активност.

## Библијата
### и идниот живот

Исус рекол: *„Блажени се кротките, зашто тие ќе ја наследат земјата“* (Матеј 5,5). Токму овде, на оваа земја Божјиот народ ќе го минува вечниот живот по воскресението. Се разбира, земјата нема да биде ваква каква што е денес. *„Ете, јас создавам ново небо и нова земја,“* говори Господ. *„Ќе градат куќи и ќе живеат во нив, ќе садат лозја и ќе ги јадат плодовите нивни... и моите избрани долго ќе уживаат во делото на рацете свои“* (Исаија 65,17.21.22). Работа? Некои мислат дека ќе им биде многу подобро ако не работат. Но, работата таму ќе претставува уживање и задоволство. Ние нема да произведуваме продукти за да ги носиме на пазар, па некој друг да ги купува и да ги консумира. *„Нема да градат за да живее друг, нема да садат за да јаде друг“* (стих 22). Ние ќе го береме и ќе го јадеме овошјето кое сами сме го посадиле. А колку прекрасна слика на семејството наоѓаме во библиските ветувања. *„Зашто ќе бидат семе благословено од Господ, и потомците нивни со нив“* (стих 23). Бебињата што биле оттргнати од мајчините раце поради суровата рака на смртта, ќе им бидат вратени, и ќе растат до својата зрелост. Таму, сред сцените на природната убавина и едемската совршеност, ќе ги вкусат најголемите радости на животот. *„Тогаш волк ќе живее со јагне, леопардот ќе лежи заедно со јаре; теле, лавче и вол ќе бидат заедно, и мало дете ќе ги води... Нема да прават зло и штета во целата моја света гора“* (Исаија 11,6.9).

## Ќе се препознаваме
### еден со друг

Животот ќе биде многу убав и исполнет, бидејќи ќе ги препознаеме оние што сме ги познавале во овој свет. Кога Исус воскреснал во тело од мртвите, тој им се појавил на своите ученици кои биле собрани во заклучена соба. Во мигот кога го здогледале, тие го препознале. *„Тој им ги покажа рацете и нозете и ребрата свои“*. Тоа бил истиот Исус Христос кого тие го погребале. *„Се зарадуваа тогаш учениците, штом го видоа Господа“*. На денот кога тој воскреснал од мртвите, двајца негови ученици биле на пат кон Емаус. Нивните очи на чудесен начин биле заслепени, па тие не го препознале странецот кој им се придружил по камениот пат. Но, кога седнале заедно да го поделат скромниот оброк, странецот ги испружил рацете да го благослови и да го прекрши лебот пред нив. Тие веднаш го препознале. Можеби ги виделе лузните на неговите раце. Можеби имало нешто во начинот на кој го прекршил и го благословил лебот (Лука 24). Марија Магдалена отишла до празниот гроб во недела наутро по воскресението. Не знаела дека Исус воскреснал од мртвите. Таа само видела дека го нема неговото тело. Додека стоела покрај гробот плачејќи, слушнала еден глас. *„Жено, зошто плачеш? Кого бараш?“* Нејзините очи биле заслепени од солзите, додека гледала во човекот што стоел пред неа. Таа мислела дека е тоа градинарот. *„Господине“*, одговорила таа, *„ако си го зел ти, кажи ми каде си го положил и јас ќе го земам“*. Марија и Марта имале гроб кој останал празен откако Исус го воскреснал од мртвите нејзиниот брат Лазар. Тогаш непознатиот човек изговорил само еден збор. *„Марија“*. Таа веднаш го препознала начинот на кој било изговорено нејзиното име. *„Равуни“*, изустила таа (Евангелие според Јован 20,15.16). *„А нашето жителство е на небесата, од каде што го очекуваме и Спасителот, нашиот Господ Исус Христос. Тој ќе го преобрази нашето понизно тело да стане подобно на Неговото славно тело“* (Филипјаните 3, 20.21). Како што учениците го препознале Исусовото воскреснато тело, така и ние ќе бидеме во состојба да ги препознаеме оние што сме ги сакале, според нивниот изглед, нивното однесување и според тонот на нивниот



Во вечноста луѓето ќе можат да се препознаваат меѓу себе

глас. Сите ние ќе бидеме препознаени како што сме и во овој живот, но ќе има и некои разлики.

## Прекрасен свет

Нема да има никакви деформитети ниту болести. Во овој свет има луѓе кои ги сожалуваме поради нивните недостатоци, но нема да има ништо што ќе го нарушува новото создание. *„Ќе се развесели пустината и ненаселената земја ќе се зарадува и ќе расцути како крин... Ете, вашиот Бог иде... Тој ќе дојде и ќе ве спаси. Тогаш ќе им се отворат очите на слепите, ушите на глувите ќе се одзатнат; тогаш куциот ќе скока како елен, и јазикот на немиот ќе пее“* (Исаија 35,1.4-6). *„И видов ново небо и нова земја... И ќе ја избрише Бог секоја солза од очите нивни, и смрт нема да има веќе; ни плач, ни писок, ниту болка нема да има веќе, бидејќи поранешното помина“* (Откровение 21,1.4). Најпрекрасното нешто на таа подобра земја ќе биде тоа што ќе го гледаме Христа, кој го овозможил сето тоа. *„И ми покажа чиста река со вода на животот, бистра како кристал, која истечуваше од престолот на Бога и на Јагнето. Сред главната улица и од двете страни на реката – дрвото на животот, што раѓа плодови дванаесет пати, давајќи плод секој месец; а лисјата на дрвото служат за исцелување на народите. И нема веќе да има никакво проклетство; престолот на Бога и на Јагнето ќе биде во градот; Неговите слуги ќе му служат и ќе го гледаат лицето Негово“* (Откровение 22,1-4). Колку е важно и ние да бидеме таму. Селекцијата за вечниот живот не се врши автоматски. Вечниот живот е за оние што ги исполнуваат божествените барања (Откровение 22,14). Според тоа, од огромно значење е да научиме кои се тие барања и да се стремиме да ги исполниме, за да живееме засекогаш во Божјиот прекрасен нов свет.



Никаква трага од злото на стариот свет нема да ја поматува радоста на новиот







# ЈЕРАШ



Јераш е најдобросочуваниот римски град на Средниот Исток. Тој се наоѓа на триесет километри северно од Аман во Јордан и бил еден од градовите во Декаполис, моќен сојуз од десет градови кои биле мошне успешни во времето на Исус. Тој е единствениот од овие десет града низ чии стари улици сè уште можеме да прошетаме и да се восхитуваме на неговите градби. Гадара и Филаделфија (сега наречен Аман) биле поголеми од Јераш, на околните ридови има остатоци од некои долмени, камени сводови што потсетуваат на Стоунхенџ во Англија. Надвор од ѕидовите на север од градот се наоѓаат остатоци од раниот бронзен период. Првата пишана историја што ја имаме за Јераш била оставена од Јосиф Фла-





но од овие градови има многу малку остатоци. Историјата на Јераш нè враќа назад дури до камената доба. Камените алатки пронајдени во неговите предградија укажуваат дека таму имало неолитска населба, а виј кој споменува еден настан што се случил во вториот век пред Христа. Тој запишал дека Теодор имал големо богатство кое го чувал во Јераш, но првосвештеникот Александар Јанеј „кога ја зазел Пела повторно дошол до Гераса (Је-

раш) од голема желба да дојде до богатството на Теодор, па кога изградил троен ѕид околу гарнизонот, насилно го презел местото“ (*Wars of the Jews, X,IV,8*). Јераш останал под еврејска власт сè до пристигнувањето на римскиот генерал Помпеј во 63 год. пред Христа. Оттогаш наваму Јераш престанал да биде хеленистички град. Тој се придружил на сојузот на слободни римски градови познат како Декаполис, иако потпаднал под влијание на Навутејците, особено во периодот на владеењето на Арета IV.



Познатата улица со 260 столбови

## Јераш во христијанскиот период

Во првиот век од нашата ера Јераш доживеал систематско реновирање. Била изградена права улица во должина од 600 метри, која поминувала низ центарот на градот од север кон југ, и таа улица постои и денес. Проширувајќи се откај форумот, на неа имало 260 столбови од варовник од двете страни. Меѓу столбовите биле сместени продавници, па веројатно тоа наликувало на модерен трговски центар. Под улицата имало ефикасен одводен систем, со отвори за контрола, кои биле ставени на определена оддалеченост. Во почетокот таквите отвори имале железни прстени поставени во олово. Подоцна, локалните жители го ваделе оловото за да го употребат како полнење за своите топови. Поплочените камења на улицата се оштетени толку многу, што укажува на фактот дека многу кочии поминале преку нив. Необичниот облик на форумот ги збунува и историчарите и археолозите. Тој не е ниту кружен ниту овален, но очигледно е дека бил изграден да трае долго. Ѕидовите под столбовите што го сочинуваат темелот одат во длабочина до десет метри. Самиот град имал цврст надворешен ѕид, а еден натпис на северозападната порта открива дека тој бил изграден во 75 год. Богатите жители, кои се гордееле со својот град, придонесле за подигнување на величествен храм посветен на Зевс. Во еден натпис пронајден во форумот пишува дека „Теон, синот на Деметриј, даде 7100 драхми тирско сребро за изградба на храмот на Зевс“. Стариот храм на Артемис бил обновен и разубавен, па било подигнато светилиште на императорот Тибериј. Во ова време бил изграден и јужниот театар. Тој можел да собере околу 4.000 посетители. На предниот дел од седиштата биле издлабени грчки букви, што укажува дека аристократите можеле да си резервираат седишта за да ги гледаат драмите што се изведувале таму. Акустиката на овој театар е извонредна. Шепотењето на сцената може да се слушне и на највисоките седишта. Натписот на ѕидот од бината укажува дека во 70 год. еден воен офицер од армијата на Тит ја подарил статуата на победата која порано била поставена таму. Таа чинела 3000 драхми.



Остатоци од храмот на Зевс



Необичниот облик на форумот ги збунува и историчарите и археолозите

## Уште поголем напредок на Јераш

Во 106 год. армијата на императорот Трајан навлегла во Петра и ја приспоила кон Навутејското царство. Тие изградиле цела мрежа патишта, која придонесла за подобрување на трговијата, па во Јераш се почувствувал напредок. Градот бил домаќин на годишни фестивали и разни игри, а натписите откриваат дека еден богат жител по име Тит Флавиј Кирина, организирал банкети како за победниците, така и за поразените во игрите. Ниту еден угледен Римјанин не можел да си го замисли животот без јавните бањи. Бањите не биле само места каде што луѓето се бањале од задоволство или заради здравје – тие биле престижни општествени клубови во тоа време, па затоа и во Јераш биле изградени две големи бањи.



Императорот Хадријан го посетил Јераш

Во 129 год. императорот Хадријан го посетил Јераш. Веројатно му се допаднало местото, зашто останал таму речиси цела зима. Неговиот престој бил прославен со голема активност на реновирање на јавните градби, при што бил изграден и триумфален свод во јужниот дел на градот. Очигледно е дека било планирано градскиот ѕид да се спои со овој свод, но откако Хадријан си заминал, спласнал и ентузијазмот, па ѕидот никогаш не бил довршен. Сводот со своите недовршени страни сè уште се наоѓа во Јераш. Еден натпис на него укажува дека тој бил изграден од Флавиј Агрипа. Во текот на вториот век Јераш бил на врвот од својата





слава. Натписите откриваат дека угледни граѓани посветувале олтари, пиедестали и статуи, за да го украсат градот, па поради тоа била изградена и една прекрасна фонтана во форма на храмот на нимфите, на западната страна од главната улица. Водата се слевала од дупките во полукружната градба и истекувала во еден базен украсен со лавовски глави. Од устите на лавовите водата истекувала во одвод. Во третиот век Јераш бил унапреден во ранг на колонија, но изгледа дека неговата среќа наскоро почнала да опаѓа. Престанала изградбата на огромни градби, а и трговијата ги променила своите патеки.

## Христијанството во Јераш

Христијанството веќе стигнало до Јераш, па во четвртиот век во градот имало многу жители христијани. Една катедрала изградена во тоа време открива чудна адаптација на постојните карактеристики за христијанска употреба. Претходно во Јераш бил подигнат храм на Дионисиј, во чиј двор имало фонтана. Дионисиј бил бог на виното, па за време на годишните фестивали тука се одржувале оргии проследени со пиење големи количини вино. Христијанската катедрала била изградена на местото од овој храм и еднаш годишно градот го прославувал чудото кога во Кана водата била претворена во вино. Се тврдело дека водата од фонтаната се претворала во вино за време на фестивалот. До петтиот век христијанството станало доминантна религија, па биле изградени две големи цркви. Во шестиот век, под управа на христијанскиот император Јустинијан, биле подигнати уште најмалку седум цркви, а една христијанска црква била пренаменета во еврејска синагога. Изгледа дека во тоа време дошло и до обновување на паганскиот воден фестивал. Тоа било време кога луѓето сакале луксузен живот, но немале средства да си го овозможат тоа. Ѕидовите на црквите биле украсени со евтин мермер и со блескаво обоени стаклени мозаици кои биле со многу слаб квалитет. Од овој период пронајдени се многу парчиња евтин накит, обетки и други украси, но тие главно биле стаклени имитации на драгоцени камења, или тенко позлатена бронза. Веројатно во тоа време имало многу прекрасно облечени жени кои ги полнеле продавниците или ги посетувале црквите, но тоа била само надворешна убавина. Световните задоволства биле многу популарни па епископот Плакис очигледно сметал дека е подобро неговите верници да посетуваат некој клуб со христијанска атмосфера, отколку да уживаат во задоволствата во јавните бањи, кои биле изградени веднаш до црквата Св. Теодор. Или, можеби си мислел дека „чистотата е веднаш до побожноста"? Во секој случај, христистите имале еден добар клуб на спротивната страна од улицата, а свештениците имале удобни соби во самиот двор. Но, на крајот паганските храмови престанале да се користат. Всушност, тие биле ограбувани, а камењата употребувани за други градби. Во прекрасниот двор на храмот на Артемис биле изградени керамички печки. Во 611 год. по Христа била изградена уште една црква од страна на епископот Генесиус, но сепак, на христијанскиот хоризонт се насобрале темни облаци. Три години подоцна, се случил првиот удар на персиската инвазија. Мошне необично, единствените археолошки остатоци од таа окупација се неколку стативи од голови кои биле поставени за играње поло на хиподромот.

## Исламот стигнува до Јераш

Околу 635 год. се случила муслиманската инвазија врз Јераш, па градот се намалил до една четвртина од неговата првична големина. За несреќите што му се случиле на градот придонесле и неколку силни земјотреси, кога биле урнати црквите и другите важни градби, па поради тоа што никој немал доволно средства за да се реновираат, тие останале како урнатини. Конечниот удар се случил во 720 год. по Христа, кога исламскиот калиф Јазид II наредил да бидат уништени сите кипови и слики. Фанатичните муслимани ги нападнале христијанските цркви што останале и ги демолирале киповите и мозаиците. За среќа, некои цркви веќе биле урнати, па нивните подови со мозаици веќе биле прекриени со отпадоци. Муслиманите немале желба да вршат какви било ископувања. Тоа било оставено за современите археолози, па тие светли мозаици се наоѓаат меѓу предметите од Јераш што се изложени денес. Во осмиот век некои делови од Јераш сè уште биле населени, но до дванаесеттиот век градот се претворил во напуштени урнатини. Вилијам од Тир, крстоносецот, зборувал за Јераш дека е во урнатини, а Атабеј од Дамаск, кој го претворил храмот на Артемис во тврдина, поставил таму гарнизон од четириесет војници. Еден друг крстоносец, Болдвин II, ја освоил тврдината и ја уништил со опожарување. На крајот Јераш се претворил



Локалните жители ги користеле древните градби како извор на градежен материјал

во закопани урнатини, прекриени со трње и боцки. Неговите столбови се насирале од земјата, но нивниот идентитет бил заборавен. Дури во 1806 год. Јераш бил откриен од еден германски патник по име Ситцен (Seetzen). Археологијата како наука сè уште не постоела, а локалните жители не покажувале голем интерес за антиквитетите. Тие ги сметале древните храмови за богат извор на градежен материјал. Во 1891 год., во својот извештај за својата посета на Јераш, Шумахер истакнал дека видел локални жители како одат по главната улица, поставуваат барут под столбовите, ги креваат во воздух, сè додека не пронајдат соодветен камен што им одговара на потребите. Од 1920 год. јорданското Министерство за антиквитети, со помош на странски тимови, работи на таа локација, отстранувајќи илјадници тони отпадоци кои го затрупале поголемиот дел од градот, и активно е вклучено во неговата реставрација. Храмот на Артемис бил целосно демонтиран и повторно изграден, камен по камен. На местата каде што недостасувале оригинални камења, биле додадени нови камења.

# Јераш и Библијата

Јераш, претходно познат како Гераса, не се споменува во библискиот извештај, иако некои ракописи го нарекуваат Гераса, местото каде што се случил еден настан во Исусовиот живот. Исус и неговите ученици штотуку го преминале езерото и се спуштиле во „Гадаринската земја“ (Гергесинската – забелешка на маргината) (Марко 5,1). Ова веројатно не се однесува на Гераса, која била оддалечена 35 км југоисточно од Галилејското Езеро. Поверојатно е дека се однесува на Курси, кој се наоѓа на источната страна од езерото. Каде и да се случило, Исус се соочил со двајца мажи со нечисти духови (Матеј 8,28). Исус ги излекувал, а потоа им рекол *„оди дома кај своите, и раскажи им што стори Господ за тебе и како те помилува“* (стих 19). Извештајот говори за еден од нив, но може да се однесува на двајцата, *„Тој си отиде и почна да раскажува по Десетоградието што му направи Исус. И сите се чудеа“* (стих 20).



Јераш бил еден од градовите кои го сочинувале Десетоградието (Декаполис), па ова може да значи дека излекуваниот човек им го раскажал настанот на жителите од Јераш.

# Загубениот син

Исто така, голема е веројатноста дека една од најпознатите библиски параболи се случувала токму овде. *„Еден човек имаше два сина“*, рекол Исус, *„Помладиот од нив му рече на татка си 'Татко, дај ми го делот од имотот што ми припаѓа!' И таткото им го разделил имотот“* (Лука 15,11.12). Ова младо момче израснало во строго еврејско семејство, па затоа му здодеал таквиот живот исполнет со правила. Како и многу млади денес, тој сакал да се ослободи од родителската контрола и *„да се забавува“*. Татко му му ги дал парите и слободата што ја побарал. *„По неколку дена, помладиот син, кога собра сè, отиде во далечна земја и таму го потроши својот имот, живеејќи развратно“* (стих 13). О, колку убав живот! Театри, коњски трки, игри, проститутки, и многу пари за уживање. А сè додека имал пари, имал и многу пријатели кои му помагале да ги потроши. Не знаеме која била таа *„далечна земја“*, но во тоа време, кога патувањето било ограничено, изгледа дека Декаполис (Десетоградието) би бил соодветен на таквиот опис. Бидејќи станува збор за римски град, тој таму би бил ослободен од стегите што ги чувствувал меѓу својот народ. Сосем е можно дека тој *„ги потрошил“* своите пари во Јераш. Но, парите не траат бесконечно, па кога останал без пари, останал и без пријатели. Тие не го ни познавале кога останал без пари. За да биде несреќата уште поголема, *„настана голема глад во таа земја“* (стих 14). Единствената работа што можел да ја најде била да се грижи за свињите на некој човек (стих 15). Младиот човек веќе одамна останал без скрупули, но дури и за ваквиот предавник на еврејскиот начин на живеење, прехранувањето свињи претставувало голем удар. Додека седел покрај свињите што гровтале, неговите мисли одлетале кон сопствениот дом.



Дури откако паднал на дното, загубениот син одлучува да се врати кај својот татко

По сè, домот и не бил толку лошо место, таму дури и слугите имале доволно храна. Кога *„дојде на себеси“* донесол одлука да се врати. (стих 17).

# Загубениот син се враќа

Оставајќи ги свињите, тргнал кон својот дом, притоа размислувајќи: *„Ќе станам и ќе отидам кај татко ми и ќе му речам: 'Татко, згрешив против небото и пред тебе, и не сум веќе достоен да се наречам твој син; но прими ме како еден од своите наемници.' Па стана и отиде кај татка си“* (стих 18-20). Тој веројатно бил вознемирен поради претстојната средба со татка си. Веројатно знаел дека постариот брат ќе биде огорчен поради неговото враќање. Можеби се плашел и од реакцијата на татко му. Но, *„кога беше уште далеку, го виде татко му и се сожали на него, па потрча, го прегрна и го бакна“* (стих 20). Немало никакви укори, никакви услови. Таткото долго време се надевал и се молел неговиот син да се врати дома, и најпосле, тој си дошол. Доволно било што синот се вратил и што

се каел за своите постапки. Загубениот син го започнал говорот што го вежбал од мигот кога ги напуштил свињите. „*И синот му рече: 'Татко, згрешив против небото и пред тебе и не сум веќе достоен да се наречам твој син!'*" (стих 21). Но пред да го изговори оној дел за работата како наемник, „*таткото им рече на слугите свои: 'Изнесете најубава облека и облечете го, и дајте му прстен на раката негова и обувки на нозете; па доведете едно згоено теле и заколете го; да јадеме и да се веселиме, зашто овој мој син мртов беше и оживе, изгубен беше и се најде'*" (стихови 22-24). Загубениот син не бил веќе загубен, тој повторно бил прифатен како син.



Таткото во параболата го претставува Бога

## Божјиот **карактер**

Оваа прекрасна сторија многу ни кажува за Бога. Сите ние сме заталкани, на еден или на друг начин. Ниту еден од нас не заслужува да биде наречен Божји син или ќерка, но кога ќе се вратиме кај него, нема прекор ниту осудување. „*Таква радост, ви велам, станува и пред ангелите Божји за еден грешник, што се кае*" (стих 10). „*Секоја наша правда е како извалкана облека*" (Исаија 64,6), но нашиот небесен Татко нè наметнува со совршената облека на Христовата правда, и ние стоиме пред Бога како никогаш да не сме згрешиле. „*Оној, кој не знаеше грев, Бог за нас го направи грев, та преку Него да станеме праведност Божја*" (2. Коринќаните 5,21). Библијата ни открива многу за Бога. Тој е вистинска личност и сака да биде наш пријател. Во Матеј 28,19 Исус им рекол на своите ученици да ги крштеваат луѓето „*во името на Отецот и синот и Светиот Дух*". Овие три лица се едно во смисла дека се совршено соединети, едно се според карактерот и целта. Исус се молел за своите ученици „*да бидат едно, како што сме ние едно*" (Евангелие според Јован 17,22). На истиот начин како што една војска маршира „*како еден*", како што одборот говори со „*еден глас*", како што христијаните можат да бидат „*едно во верата*" (Послание до Ефесјаните 4,5), така и членовите на божественото тројство се „*едно*". Грчките или индиските богови можат да имаат различни цели, можат да се борат еден против друг, но трите одвоени лица на вистинското Божество се навистина едно. Отецот управува со универзумот. Исус, Синот, е Речта Божја преку која настанал светот, Божјиот Дух е присутен насекаде и всушност тој го извршил делото на создавањето. Трите лица на Божеството работеле како хармонична целина при создавањето и тие се совршено соединети во својата љубов кон изгубениот човечки род.



# ПРОВЕРЕТЕ ГИ СВОИТЕ СОЗНАНИЈА!

Низ прашањата, дадени на оваа и на следната страна, можете да ги проверите и утврдите своите нови сознанија што ги стекнавте читајќи го овој број од БИБЛИСКА АРХЕОЛОГИЈА. Доколку точно одговорите на прашањата од целата серија, ќе добиете **ДИПЛОМА** за завршен курс по Библиска археологија.

## ДРЕВНИТЕ ГРЦИ
### И ИДНИОТ ЖИВОТ

***1.*** Кој град станал центар на првата грчка цивилизација? Одговор:

***2.*** Кој град на крајот го заменил? Одговор:

***3.*** Која нација ја освоила Атина и го запалила Акропол? Одговор:

***4.*** На кое место Грците ги поразиле Персијците? Одговор:

***5.*** Кој град го спомнува евангелистот Лука во книгата Делата на апостолите 16,16?

Одговор:

***6.*** На кое брдо стоел Павле кога им проповедал на атинските философи?

Одговор:

***7.*** Според зборовите на Исус во Матеј 5,5 кој ќе ја насели земјата?

Одговор:

***8.*** Според Исаија 65,21 што ќе биде изградено на новата земја?

Одговор:

***9.*** Според Исаија 11,6 кој ќе живее заедно со јагнето на новата земја?

Одговор:

***10.*** На кои три начини ќе можеме да се препознаваме на новата земја?

Одговор:

*Што научивте од оваа тема, а има големо значење за вас? (прашање на избор, не влијае на вашиот резултат)

## ПРОВЕРЕТЕ ГИ СВОИТЕ СОЗНАНИЈА!

# ЈЕРАШ

***1.*** Колку римски градови биле опфатени со името Декаполис?

Одговор:

***2.*** Колку била долга улицата која минувала низ Јераш? Одговор:

***3.*** Колку биле длабоки темелите под столбовите на форумот?

Одговор:

***4.*** Колку угледни граѓани можеле да седат во јужниот театар во Јераш?

Одговор:

***5.*** Кој римски император го посетил Јераш во 129 година? Одговор:

***6.*** Која религија станала доминантна во Јераш до петтиот век?

Одговор:

***7.*** Во која година дошол исламот во Јераш? Одговор:

***8.*** Во која книга и поглавје од Библијата се наоѓа сторијата за изгубениот син?

Одговор:

***9.*** Дали раѓањето на Исус било почеток на неговото постоење?

Одговор:

***10.*** Пополни ги зборовите кои недостасуваат во 1. Тимотеј 3,16. "...., ........................... голема е ............................... на побожноста, ...................... се јави во ........................"

******* Што научивте од оваа тема, а има големо значење за вас? (прашање на избор, не влијае на вашиот резултат)

**Ваши податоци**

Име и презиме

Телефон

Адреса

Откако ќе ги одговорите прашањата и ќе ги внесете Вашите податоци, исечете го овој лист и испратете го на нашата адреса:

**за Библиска археологија, ул. Влае бр. 42, 1000 Скопје**



## Исус бил Творецот

Кога Исус се родил во Витлеем, тоа не бил почетокот на неговото постоење. *„Преку Него е создадено сè што е на небесата и што е на земјата... Сè е преку Него и за Него создадено. Тој е пред сè, и сè во Него стои"* (Колошаните 1,16.17). *„Во почетокот беше Словото, и Словото беше во Бога и Словото беше Бог. Тоа во почетокот беше во Бога. Сè стана преку Него, и без Него ништо не стана, од она што настана"* (Јован 1,1-3). Нема сомнение за тоа кој бил *„Словото"*. *„И Словото стана тело, и се всели меѓу нас"* (стих 14). Нашите смртни умови не можат да сфатат како Бог, Творецот, можел да се роди како бебе во Витлеем. *„А, несомнено, голема е тајната на побожноста. Бог се јави во тело"* (Прво послание до Тимотеј 3,16). На левата страна од портата Дамаск во Ерусалим, и осум метри подолу, археолозите откопале врата што била во употреба во римскиот период. Тоа е тесна засводена врата, и јас често стоев таму, обидувајќи се да си го замислам настанот. Толпа луѓе што брзаат, влегуваат, излегуваат, туркајќи се еден со друг. И во мислите гледам уште една фигура како влегува низ вратата. Тоа е скромен столар, кој всушност е Творецот лично. Но луѓето што се удираат во него воопшто не се свесни за тоа. За нив тој е само уште еден човек, па затоа тие си поминуваат по својот пат. Како го поднесува тој тоа? Зошто не им ја покаже својата божествена природа и не ги постави на нивното вистинско место? Зашто *„самиот себе се понизи, земајќи лик на слуга, се изедначи со луѓето и по изглед се покажа како човек; самиот себе се понизи, послушен сè до самата смрт, смрт на крст"* (Послание до Филипјаните 2,7.8). Пред неколку години, кога бев во Ерусалим со една ТВ-екипа да снимаме серија видеоемисии наречени ***„Ископување на минатото"***, видовме еден старец како се тетерави во една тесна уличка, носејќи фрижидер на грбот. Тоа беше голем товар и нам ни беше жал за него. Но постојат луѓе што носат уште потежок товар, товарот на вината поради гревовите и грешките што ги сториле во текот на својот живот. Исус рекол: *„Дојдете кај мене сите изморени и обременети, и јас ќе ви дадам спокој"* (Матеј 11,28). Исус Христос умрел наместо нас, ја поднесол казната која ние сме ја заслужиле, па кога ние ќе поверуваме во таа вистина, тој го отстранува од нас овој товар на вина и грев.



„Дојдете кај мене сите изморени и обременети, и јас ќе ви дадам спокој"

## Простувањето на дело

Едно утро Исус влегол во дворот на храмот, седнал и почнал да ги поучува луѓето што се насобрале околу Него. Каква прекрасна глетка! Божјиот Син, непрепознаен и без соодветна чест, седи на една скала во храмот и ги поучува изгубените души за љубовта на Неговиот татко. Сред таа сцена, неколку бучни фарисеи довлекле една несреќна жена. Ја фатиле како врши прељуба, па во тој случај виделе голема

АРХЕОЛОГИЈА копање подлабоко

Списание за промовирање на библиската археологија | Број 7, година II, 2015 | Месечно издание | Одговорен уредник: **Михајло Гурев** | Автор на текстот: **Дејвид Даун** | Превод на македонски: **Весна Вучиниќ** | Јазична редакција: **Мелита Томовска** | Дизајн: **Лазар Томовски** | Издава: **АИК „Знаци на времето",** Поштенски фах 215, 1000 Скопје | Контакт: **071 569 076** | e-mail: **ab.institut@yahoo.com** | Печати: **Аркус дизајн**



можност да му поставaт стапица на учителот од Галилеја. Поставувајќи ја пред Исуса, тие му се обратиле со претерана побожност: *„Учителе, оваа жена е фатена на дело во прељубодејство. А Мојсеј во Законот ни заповеда таквите да ги каменуваме; Ти, пак, што велиш?“* (Јован 8,4.5). Се разбира, прашањето претставувало стапица. Ако им одговорел Исус да ја каменуваат, тие ќе отрчале кај римските власти, обвинувајќи го дека ги присвојува правата на римската влада која единствена имала власт да изрече казни за такви големи престапи. Од друга страна, ако Исус речел да не ја каменуваат, тие триумфално би го обвиниле пред еврејскиот народ дека не се придржува до Мојсеевиот закон, кон кој тие имале голема почит. Изгледало како Исус да не ги слуша. Тој почнал со прстот да пишува по правта на подот. Нетрпеливо очекувајќи го неговиот одговор на прашањето, тие се собрале наоколу да видат што пишува. Најпосле, Исус го подигнал погледот и рекол: *„Кој од вас е без грев, прв нека фрли камен на неа!“* (стих 7). Тоа веројатно ѝ звучело како смртна пресуда на преплашената жена. Таа, очајна, чекала да ја погоди првиот камен. Но ниту еден камен не бил фрлен, а Исус продолжил да пишува по правта. Ние не знаеме што напишал Исус тогаш на подот од храмот. Веројатно тоа бил список на престапите што ги извршиле овие побожни лицемери, престапи за кои самоуверено верувале дека се невидливи за човечките очи, и кои не сакале да бидат изнесени пред јавноста. Ги обзело чувство на вина и страв, па *„бидејќи совеста ги гризеше, се разотидоа еден по еден, почнувајќи од најстарите па до последните. Останаа само Исус и жената, која стоеше насреде. Исус ѝ рече: ‚Жено, каде се оние што те обвинуваа? Никој ли не те осуди?‘“* (стих 10). Подигнувајќи го погледот, преплашената жена видела дека сите бесчувствителни фарисеи си заминале. Збунета, таа одговорила: *„Никој, Господи“*. Тогаш Исус ѝ рече: *„Ни јас не те осудувам. Оди си и отсега немој да грешиш“.*


## ВО СЛЕДНИОТ БРОЈ ЧИТАЈТЕ:

пред да почне **ИСТОРИЈАТА** и планината **СИНАЈ**

- Светот не е толку стар
- Определување на староста со помош на јаглерод
- Потеклото на геолошките слоеви
- Вистинската планина Синај
- На светот му се потребни Десетте заповеди

